Март 2013, бр. 18

ТИКВЕШ

Веритас

ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРИЈАТЕЛИТЕ НА ВИНАТА НА ТИКВЕШ

* **Одбележан денот на заштитникот на лозјата Св. Трифун**
* **Увозникот на „Тиквеш“ меѓу највлијателните во винската индустрија на САД**
* **„Тиквеш“ во посета на винските земји од „новиот свет“**
* **„Гренаш бланк спешл селекшн“ – вино со интензивни ароми и свежина**
* **Винска лекција #8 - Гренаш**

Престижни награди на специјализирани вински натпревари

За помалку од само три месеци, „Тиквеш“ се закити со медали на два различни вински натпревари, специјализирани за сортата „гренаш“ и „шардоне“, кои се одржаа во најзначајната винска земја, Франција.

Ако пред само неколку години сортата грозје „гренаш бланк“ (Grenache Blanc) и вината добиени од неа, беа речиси пред исчезнување кај нас, денес, благодарение на „Тиквеш“, таа нè сместува во друштвото на светската винска елита. Виното „Гренаш бланк спешл селекшн“ (Grenache Blanc Special Selection) е добитник на златен медал на меѓународниот натпревар за вина од сортата „гренаш“ - „Grenaches du Monde“. На листата наградени доминираат вина кои потекнуваат од трите најзначајни вински земји - Франција, Шпанија и Италија, а виното на „Тиквеш“ е единственото наградено вино коешто потекнува од Централна и Југоисточна Европа. Покрај златен медал, „Тиквеш“ на овој натпревар освои и две сребрени медали за белото вино „Бела вода“ кое претставува купажа од „гренаш бел“ и „шардоне“.

Наградите не изостанаа и на најголемиот светски натпревар за вина од сортата „шардоне“ - „Chardonnay du Monde” каде „Тиквеш“ беше единствената винарница во регионот со две наградени вина. Со сребрен медал се закити „Шардоне лимитид едишн“ (Chardonnay Limited Edition) од бербата 2012, а бронзен медал доби виното „Шардоне спешл селекшн“ (Chardonnay Special Selection) од бербата 2012.

Драги пријатели,

Периодот меѓу двата броја на „Веритас“ помина во знакот на престижни меѓународни награди со кои се закитија нашите вина. Бевме рамо до рамо со вината од трите најзначајни вински земји – Франција, Шпанија и Италија и покажавме дека врвни вина од интернационалните сорти „гренаш“ и „шардоне“ може да се произведат и во Македонија.

Од св. Трифун побаравме благослов за добар и богат род за да можеме да ги повториме и надминеме овие признанија кои се одлична поддршка во напорите за зголемување на извозот.

Со истата желба, во овој број наздравуваме со чаша „Grenache Blanc Special Selection”.

На здравје!

Одбележан денот на заштитникот на лозјата „Св. Трифун“

Нашата агенда за 14 февруари, денот на лозарите и винарите, беше исполнета со активности повеќе од вообичаеното. Денот го започнавме со традиционалното закројување на лозовите насади, со желба за добар род и бериќет. Оваа година, симболично ги закроивме нашите лозови насади во месноста Курија кај Неготино, во присуство на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Љупчо Димовски и извршниот директор на „Тиквеш“, Игор Илиевски.

Денот продолжи со традиционалната средба со долгогодишните партнери, лозари, која се случи во нашиот вински ресторан во Кавадарци. На средбата уште еднаш беше констатирано дека врвното вино почнува да се прави на лозјето и оттаму неопходно е соработката меѓу двете стани да продолжи и да се развива.

Одбележувањето на денот на лозарите и винарите го завршивме со вечерна забава за нашите пријатели, соработници, потрошувачи, која се случи во клуб-ресторанот МКЦ во Скопје.

Гостите имаа можност да учествуваат во „Тркалото на среќата“ и да освојат некое од врвните вина на „Тиквеш“ или вечера за двајца во нашиот вински ресторан во Кавадарци. Во духот на празникот, „Тркалото на среќата“ беше искористено за запознавање на присутните со најразличните сорти грозје, што на многу духовит начин го направи нашиот познат ТВ-водител Марко Новески. За расположението на присутните се погрижија уште и ДЈ Бејбе и Џез трио.

Увозникот на „Тиквеш“ меѓу највлијателните во винската индустрија на САД

Ерик Соломон е рангиран меѓу 100-те највлијателни личности во индустријата за вино на САД според www.intowine.com. Годишното рангирање им оддава признание на поединците од сите аспекти на индустријата за вино за нивното влијание на бизнисот како целина. Листата вклучува производители на вино, сомелиери, јавни личности, блогери... луѓе коишто имаат влијание на виното, односно на тоа како се прави, продава, консумира и слично. Ерик Соломон го дели ова признание со личности како Роберт Паркер, најзначајниот светски вински критичар. Инаку, Ерик Соломон е специјализиран за увоз на висококвалитетни вина од Франција, Шпанија, Швајцарија и Македонија.

Eric Solomon Recognized as One of the Top Most Influential People in the U.S. Wine Industry

Eric Solomon has been named in the "Top 100 Most Influential People in the U.S. Wine Industry" by Intowine.com. The annual list recognizes individuals from all facets of the industry for their impact on the business as a whole. Intowine.com says of their process that they sought to : "define the Top 100 people, from winemakers to law makers, bankers to bloggers, and sommeliers to celebrities who influence wine; how it is made, marketed, perceived, sold, shipped, purchased, shared and consumed."

Eric Solomon shares this honor with notable names in the business: Robert Parker, Eric Asimov, Kermit Lynch, Peter Mondavi, and James Laube. The full list can be found at www.intowine.com/

Според американскиот магазин „Храна и вино“ (Food & Wine Magazine) тој е врвен увозник во САД и како таков е вброен во секоја позначајна публикација за трговија со вино.

„Тиквеш“ во посета на винските земји од „новиот свет“

И најдобрите природни услови и најсовремената технологија не ќе значат ништо ако не поседувате соодветен кадар кој ќе овозможи нивна соодветна комбинација во функција на производство на врвно вино. Токму затоа „Тиквеш“ континуирано вложува во унапредување на вкупните човечки капацитети, водејќи сметка за сите алки од индустријата за вино – почнувајќи од одгледувањето на грозјето па сè до продажбата и маркетингот.

Во изминатите години нашите енолози имаа можност да разменат искуства со своите странски колеги преку посети на значајни вински региони и винарници, а повремено и активно да се вклучат во работата на некоја од винарниците. Таков е примерот со тековната посета, во текот на март и април 2013 година, на двајца наши енолози кои даваат свој придонес во работата на винарницата „Индевин“ (Indevin) од Нов Зеланд. Оваа винска земја се проби на светскиот вински пазар пред сè со сортите „пино ноар“ и „совињон бланк“. Последнава е дел и од портфолиото на „Тиквеш“, па се надеваме дека искуството што ќе го стекнат нашите енолози ќе придонесе унапредување на виното од оваа сорта.

На оваа посета ѝ претходеа и посетите на Австралија и Јужна Африка. Фокусирани сме на винските земји од „новиот свет“, пред сè заради нивното искуство во освојувањето на светскиот вински пазар, нешто што пред нас стои како цел и задача. Во Јужна Африка нашите енолози ги посетија винските региони Стеленбош и Парл и десетина различни винарници, од кои дел имаат сличен капацитет како „Тиквеш“, што беше одлична можност да се спореди начинот на функционирање. Тие имаа можност да се запознаат и со сорти коишто не се карактеристични за нашето поднебје, како „шенин бланк“, „пинотаж“ и „сира“. Значајно е стекнатото искуство во делот на винскиот туризам, кој е особено развиен во Јужна Африка. Таму се наоѓа најдолгиот вински пат P62. Во Австралија, исто така се посетија повеќе вински региони. Посебно внимание беше посветено на нивното искуство во доменот на продажбата и маркетингот, имајќи предвид дека оваа земја е четвртиот најголем извозник на вино во светот.

„Тиквеш“ и Јосипа Лисац, спој на најдоброто од Балканот

Традиционално продолжуваме да ги поддржуваме вистинските културни вредности. Овојпат бевме поддржувачи на концертите на балканската дива Јосипа Лисац, кои се одржаа во Скопје и Белград.

И концертот на **Петар Грашо** на „Калемегданска тераса“ во Белград беше поддржан од „Тиквеш“

„Тиквеш“ во унапредувањето на регионалната винска култура

Продолжуваме со традиционалните настани „wine&dine“ во Македонија и регионот. Еден таков настан се одржа во ресторанот „Тераса“ на Петроваждинската тврдина во Нови Сад. Идејата е преку спојување на виното со храната да се зголеми знаењето за тоа како најдобро да се консумира виното што, секако, е во насока на унапредување на винската култура.

Ултимативно заведување преку календарот на „Тиквеш“ за 2013 година

Најновиот календар на „Тиквеш“ беше претставен пред љубителите на „Врвното од Македонија“ во клубот „Миднајт“ во Скопје

GRENACHE BLANC

SPECIAL SELECTION

Вино со интензивни ароми и свежина

Виното „Гренаш бланк спешл селекшн“ на најдобар начини ги претставува потенцијалите на локалитетите Барово и Бела Вода на кои се одгледува грозјето за негово производство. Комбинацијата на грозје од сортата „гренаш бел“ одгледано на овие два локалитета дава вино со интензивни ароми, свежина и минералност како резултат на влијанието на Барово, но и елегантно вино со полно тело и сладникавост што претставува наследство од Бела Вода.

Квалитетот на виното е резултат на посебниот однос кон грозјето во текот на целиот процес на зреење кој се одвива под будното око на енолозите. Техниката на кроење, редукцијата на лисната маса и другите лозарски практики кои се применуваат за свесно намалување на приносот, водат кон добивање на грозје со екстра квалитет. Енолозите внимателно ја следат технолошката зрелост на грозјето врз основа на која внимателно го одбираат датумот за берба, која се одвива рачно. Начинот на пресување на грозјето се одвива во инертна атмосфера, односно без присуство на кислород и овозможува задржување на свежината и сортните карактеристики на грозјето за што придонесува и контролираната ферментација во иноксни садови.

Конечниот производ е полно вино со закружен вкус кој трае долго. Ова вино има светложолта боја со зеленикава нијанса, нежни цветни ароми и ароми на праска и диња.

Виното е најдобро да се сервира на температура од 12-14°C во комбинација со морска храна, бело месо, телешко месо во сос и супа со целер и шкампи.

Винска лекција #8

„Гренаш“ е винска сорта грозје која потекнува од Шпанија, но сегашната популарност се должи на присуството во производството на вино во Јужна Франција, каде што се користи како носечка сорта во купажите карактеристични за овој вински регион. Притоа, станува збор за црвената варијанта од оваа сорта (Grenache Noir), но исто така постојат и бела и сива варијанта (Grenache Blanc и Grenache Gris).

Белиот гренаш е познат кај нас и под името белан. Станува збор за сорта која одлично успева во региони со топла клима и затоа е присутен во Шпанија и Јужна Франција. Во Македонија, оваа сорта успева во винските региони под влијание на топлата медитеранска клима, која од југ навлегува по долината на реката Вардар.